ВО АКТА АРХИВСКИ ЗНАК

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Република Македонија**

3-4-2008

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 11-2741/1
01.04.2008 год.
Скопје

**До:** **Јавна Установа Национален Парк “Маврово”**
**Маврови Анови**

**Предмет:** **Согласност**

**Врска:** 11-7281/1

Почитувани,

Согласно доставениот допис бр. 0301-535, кој се однесува на барање за продолжување на важноста преку Елаборација на Програмата за унапредување, заштита и одгледување на шумите во Национален парк Маврово, Министерството за животна средина и просторно планирање дава согласност на приложениот Елаборат-Програма изработен од страна на Шумарски факилтет-Скопје.

Имено, Јавната установа Национален парк Маврово, како управувач задолжен за вршење на работите на управување и заштита на ова заштитено подрачје, согласно Законот за заштита на природата („Сл. Весник на РМ“ бр. 67/04, 14/06 и 84/07) заради остварување на заштитата, треба да донесе План за управување кој ќе ги содржи целите, мерките и активностите за заштита и унапредување на ова заштитено подрачје.

За таа цел, со оглед на обемноста на активностите кои до сега се извршуваа и се предвидени да се извршуваат и во наредниот период, ве известуваме дека неопходно е во текот на 2008 година Јавната установа Национален парк Маврово да отпочне постапката за изготвување на План за управување со Национален парк Маврово.

Изготвил: Смиљка Тенева
Контролирал: Сашко Јорданов
Одобрил: Васил Анастасовски

**Управа за животна средина**
**Директор**
**Миле Јакимовски**

ул. Дрезденска 52, 1000 Скопје, тел. 02/3066-930, тел/факс 02/3066-931
Е-пошта: infoeko@moe.gov.mk / Web: www.moe.gov.mk